# 14-ти МЕЃУНАРОДЕН НАУЧЕН КОНГРЕС НА СТУДЕНТИТЕ ПО СТОМАТОЛОГИЈА

# 14-ТН INTERNATIONAL DENTISTRY SCIENTIFIC CONGRESS



СОЈУЗ НА СТУДЕНТИТЕ ПО СТОМАТОЛОГИЈА НА МАКЕДОНИЈА

MACEDONIAN DENTAL STUDENTS ASSOCIATION

# КНИГА НА АПСТРАКТИ

# ABSTRACT BOOK

Македонија, Охрид 31 Мај - 3 Јуни 2007

Macedonia, Ohrid 31 May - 3 June 2007

## ПРОЦЕНКА НА ПОЈАВАТА И НИВОТО НА СТРАВ И НЕГОВИТЕ АСОЦИЈАТИВЕНИ ВАРИЈАБЛИ ВО ДЕТСКА ВОЗРАСТ

Автор: Талевска Снежана, Милановска Маја
Ментор: Ас. д-р Оливера Саракинова,Татјана Зорчец

Клиника за детска и превентивна стоматологија, Стоматолошки факултет-Скопје, Клиника за педијатрија-Скопје, Р. Македонија

Стравот и анксиозноста се појави кои бараат постојано истражување, како од аспект на корените на нивната појава и еволуција, така и од анализа на можностите за нивно намалување или дури и ерадикација.

Нашиот стремеж подлабоко да навлеземе во различните аспекти на појавата на стравот и анксиозноста ја наметна потребата за проучување на нивните асоцијативни варијабли што ја оформи и целта на нашиот труд.

За реализација на поставената цел, на Клиниката за детска и превентивна стоматологија беше спроведено истражување на 30 испитаници - пациенти на возраст од 4 до 14 години, како и на нивните родители.

При тоа беа користени 4 стандардизирани тестови: GAS - скала за општа анксиозност, VAS - скала за болка, CBCL - скала за проценка на однесувањето на детето и FDTL - скала за стравот од стоматолошко лечење.

Добиените резултати укажуваат на непостоење на значајна разлика во нивото анксиозност и доживување на болката асоцирано со пол и возраст на децата. Единствена значајна разлика се согледува во резултатите од CBCL, а се однесува на покачено ниво на анксиозност, соматизација и на растројство во поведение кај машки деца.

Генерално, се наметнува заклучок за акцентирање на тимското работење на релација стоматолог - пациент - родител посебно кај машката популација во посочениот возрасен дијапазон. Тоа ќе резултира со намалување на анксиозноста и чувството на страв, што пак од своја страна к е ја зголеми успешноста на предвидените интервенции.

Клучни зборови: педонтологија, страв, анксиозност, детска психологија

## ESTIMATION OF APPEARNACE AND LEVEL OF FEAR TO ASSOCIATED VARIABLES INTO THE CHILD'S AGE

Author: Talevska Snezana. Milanovska Maja
Mentor: As. d-r. Olivera Sarakinova,Tatjana Zorcec

Clinic of Pedontology and preventive dentistry,
Faculty of Dentistry - Skopje,
Clinic of pediatrics-Skopje,
R.Macedonia

The fear and anxiety are continuously researchable phenomena from two viewpoints. the reasons and their evolution also decreasing or even preventing the occurrence.

The aim of this study was to examine the reasons that cause the fear and anxiety and get more information about associated variables.

Therefore, at the Clinic for pediatric and preventive dentistry in Skopje, it was performed a study on a group of 30 patients at the age of 4-14 years, as well as their parents.

The 4 standard tests were used: GAS – Sarason's General Anxiety Scale, VAS - Valuation Ache Scale, CBCL – Child Behavior Check List and FDTL - Fear of Dentistry Treatment List.

The results indicated that anxiety's level and toothache are not function of the children's sex and age.

There is some exception in CBCL results, the variables such as the anxiety level, somatic and disorder behavior are only increased at male.
The conclusion from this research was that the relationship between the dentist - patient - parents is very important especially at male in this age. The anxiety level and fear were decreasing: consequently. the successfulness of dental treatments could improve.

Key words: Pedontology. fear. anxiety, child psychology